# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 27.11.2014; година III; бр. 16

www.medium.edu.mk


## ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

ВО ОТСУСТВО НА СИЛНА СРЕДНОШКОЛСКА УНИЈА

**Младински здруженија, клубови и невладини организации се местата каде што средношколците можат да го искористат нагонот за младински активизам. Средношколската унија во Македонија е речиси невидлива, иако е нужна за да го поттикне интересот кај учениците за организирање и активно учество во образовниот и во општествениот систем**



# Расцепкан наместо обединет средношколски активизам

стр. 5

Средношколките Ивана Карова од Кочани и Емилија Манасиева од Гевгелија своите амбиции за општествен активизам ги исполнуваат преку активности на локални младински организации. Ивана е претседателка на кочанската организација „Авангарда“, а Емилија е еден од поактивните членови на гевгелиската БУМ. Тоа се мали организации што спроведуваат обуки за младински активизам, локални спортски и хуманитарни настани, а понекогаш учествуваат и во поголеми регионални или национални проекти. Вакви младински здруженија има во повеќе градови низ Македонија. Во нивните активности можат да се вклучат средношколци што сакаат да бидат општествено ангажирани и активни.

- Отворени сме за сите средношколци, независно од оценките и индивидуалните вештини и способности, и им нудиме можности да се вклучат и да учествуваат во активностите на дебатната и правната програма - изјави средношколката Емилија од организацијата БУМ.

Од здружението „Авангарда“ велат дека нивните активности најчесто ги спроведуваат во координација со професорите од кочанските средни училишта. Освен нивните проекти, тие работат и со други организации што го развиваат волонтерскиот дух и воспоставуваат соработка меѓу македонски средношколци и нивни врсници од странство.

- Сум била сведок и учесник во многу поведени иницијативи и спроведени акции со кои сме докажале дека ние младите умееме да работиме - кажа средношколката Ивана од организацијата „Авангарда“.

---

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ
ИНТЕРВЈУ СО МАРИЈА ЈАНЕВСКА, ПИСАТЕЛКА

### Не размислувајте многу, туку работете со љубов

стр. 3



ПРВПАТ ВО МАКЕДОНИЈА - НА 12 ДЕКЕМВРИ

### Медиумски ден за средношколците

стр. 5



МИРОСЛАВ ГРЧЕВ, УЧЕНИК ВО СУГС „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“

### Хоби или?

стр. 6




EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТ НА ВИСОКАТА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“, ПОДДРЖАН ОД АМБАСАДАТА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# УВОДНИК



Екатерина Плескоњиќ,
професорка во
СУГС „Раде Јовчевски-
Корчагин“

## Генерациски дијалог

МОЌ, три букви, малку се на број, но со значење и силина што може да ја придвижи целата вселена. Дали некогаш сте се запрашале кој ја поседува таа моќ? Кој е тој или таа? Дали тоа е радоста, тагата, среќата, несреќата или можеби сè заедно. Кој ја има таа привилегија во исто време да биде ваш креатор, но и ваша креација, ваш сон, но и ваше јаве, ваша мечта, но и ваша реалност, ваша насушна потреба, ваша присутност, но и ваша отсутност.

Верувам дека многумина од вас ќе го препознаат моќникот, неговото височество, ЗБОРОТ, а преку него ЈАЗИКОТ и КНИГАТА. Да, токму тие ја поседуваат најголемата моќ. Тие, нивните височества се најголемите моќници, креатори, стимулатори, најголемите контролори на нашите сетила. Доволен е само еден збор да те вивне во ѕвездите и уште еден да те симне долу, цврсто на земја и една низа од прочитани страници за да впловиш во бескрајот... Прекрасни се чувствата што ги буди книгата, допирот, мирисот на старата, но и на новата свежо отпечатена книга, вртењето на страниците, од првата до последната, чувството на наслада со секоја нова содржина. Убава е таа синестезија, но грд е анимозитетот што е присутен кај средношколците кон читањето.

Полека но сигурно изумира добриот стар начин на восприемање на книшките содржини. Но затоа сите ние сме тука сега и постојано да ги потсетуваме нашите средношколци за уметноста на пишаниот збор, за нивниот креативен потенцијал, зашто токму тие се таа движечка сила што создава моќни уметнички креации.

Средношколци, зошто треба да читате? Читањето е активен ментален процес, ќе ви помогне да научите нови изрази и зборови, ќе го збогатите својот речник, а со тоа ќе ја зголемите вашата самодоверба. Со читањето учите нови нешта и бидејќи тоа бара помнење детали, факти, ликови, постојано ќе ги подобрувате вашата меморија и концентрација. Книгата е неисцрпен мотивски извор, во секој момент можете да пронајдете тема за разговор и причина и помош за менување на вашиот начин на живот. Со секоја прочитана книга станувате покреативни. Книгите не се скапа забава - предноста е во тоа што се купуваат еднаш, а може да се читаат повеќепати. Книгата е подобра од филмот, тој е готов производ, а книгата, книгата ви ја развива вашата фантазија, ви дозволува вие да ги визуализирате нејзините содржини, таа е вашиот билет за бесконечниот простор во имагинарните патувања чии патници сте само вие, таа и вашиот креативен ум.

Паузирајте од дигиталниот свет, кога ќе ви здодеат компјутерите, телефоните, ТВ-приемниците (кога ли ќе се случи тоа?), земете книга и „вчитувајте“ информации на старомоден начин, ВЕРУВАЈТЕ ќе ви се допадне.

# НИЗ ХОДНИЦИТЕ

## Средношколци од Богданци освоија први места на образовното рандеву

Средношколци од училиштето „Богданци“ освоија први места во две категории на годинешното образовно рандеву, кое се одржа во Крушево. Ученичката Марија Ичкова со своите квалитетни вокални способности беше прва во категоријата најдобар соло-изведувач. Средношколците Мартин Крлески и Ели Минева, пак, беа најдобри во категоријата најдобра драмска претстава, со „Љубовна приказна“, во режија на Кире Ѓоргиев. Актерите остварија контакт со професорката по драмски уметности од Хрватска Ана Опачиќ, која беше дел од жирито, а ученичката Ели Минева имаше интервју на Македонско радио.

Средношколците од Богданци учествуваа и во други категории - јавно говорење, маркетинг-план, фотографии, интервју за работа, најдобра поетска творба, пинг-понг, кошарка, а презентираа и парчиња облека на модната ревија. На настанот организиран од МАССУМ, средношколци од стручните училишта имаат можност да ги промовираат своите таленти и да добијат насоки како да ги усовршат.

**Атанас Аврамов, IV-1, СОУ „Богданци“**



## Четириесет и пет години гордост за „Марија Кири-Склодовска“

Илјадници образовани ученици со кариери во стопанството, политиката, културата и образованието се гордоста на скопското училиште „Марија Кири-Склодовска“, кое овој месец одбележа 45 години од своето постоење. На пригодната свеченост, ученици, професори и поранешни вработени се присетија на успесите и наградите во текот на изминатите децении, меѓу кои и најголемото признание на градот Скопје - 13-ноемвриската награда за особено достигнување во образованието.

Денес во училиштето се образоваат повеќе од 900 ученици на македонски и на албански јазик во гимназиско и стручно четиригодишно образование. Училиштето е подарок од Република Полска по катастрофалниот земјотрес во Скопје.

**Марина Тодоровска, СУГС „Георги Димитров“**

## Златен медал за НОВА на меѓународен фудбалски турнир

Средношколците од училиштето НОВА триумфираа на меѓународниот фудбалски турнир што се одржа во Скопје од 6 до 8 ноември. Во регуларниот дел од финалето тие одиграа нерешено против нивните врсници од Меѓународното училиште од Белград, а победникот го решија во пресметката на пенали. За учениците од оваа гимназија ова е петти златен медал на интернационалниот турнир во последните шест години. На турнирот учествуваа тимови од Србија, Бугарија, Летонија, Финска и од Украина. Покрај натпреварите во фудбал, средношколците од НОВА се дел и од турнири во кошарка, одбојка, пливање, тенис и софтбол. На нив учествуваат 19 членки на меѓународната Асоцијација на училишта од Централна и Источна Европа.

## Се одбележа 100-годишнината од завршувањето на Првата светска војна

Педесетина ученици од поранешните југословенски простори ја одбележаа 100-годишнината од крајот на Првата светска војна со заедничка театарска претстава во словенскиот град Птуј. Претставниците од Македонија, средношколци од училиштата „Георги Димитров“, „Јосип Броз-Тито“ и „Браќа Миладиновци“, ја подготвуваа завршната претстава една недела низ разни работилници и дружења.

- Активностите се одржуваа во гимназијата во Птуј. Таму имавме можност да се запознаеме и дружиме со наши врсници. Преку музика, танц, глума и пеење ја подготвувавме завршната претстава на оваа прослава - вели Александра Михајловска, учесничка на манифестацијата.

- На ова патување стекнавме многу нови пријателства, кои ќе се обидеме да ги негуваме и секако да возвратиме на гостопримливоста во некоја наредна пригода во Македонија - вели Никола Димитровски, учесник од СУГС „Георги Димитров“.

Проектот е поддржан од централната служба за образование во странство ЗФА, под чија надлежност се ДСД-училиштата.

## „Џифони“ е филмско искуство за средношколците

Околу 50 ученици од скопското средно училиште „Јосип Броз-Тито“ беа дел од вториот филмски фестивал за млади „Џифони“. Средношколците учествуваа на повеќе дебати и работилници во кои креативно се изразуваа и разменуваа искуства со врсници од десет држави, а за кариерата и начинот на работа разговараа со актерите Никола Ристановски, Сашко Коцев и Лабина Митевска. Незаборавна вечер имаа и со театарот „Сан Карло“ од Неапол, кој им ја доближи италијанската култура. Фестивалот е дел од најпознатиот фестивал за млади „Џифони експириенс Италија“.

## Монографија и приредби за 50 години „Браќа Миладиновци“

Училиштето „Браќа Миладиновци“ во Скопје ги прослави јубилејните 50 години постоење со неколку настани во текот на годината. Во ноември училиштето ја промовираше монографијата „Минато, сегашност, иднина“, а во мај во Драмскиот театар беа организирани повеќе приредби. Изведбата на танци од КУД „Китка“, драматизации и видеозаписи со познати личности што се школувале во училиштето беа само дел од репертоарот што учениците го подготвија со своите професори. При првата промоција на монографијата беше отворен кариерниот центар во училиштето, а втората промоција беше организирана во спомен-собата на градската библиотека „Браќа Миладиновци“.

**Христина Трпчевска III1, СУГС „Браќа Миладиновци“**



## Средношколци од „Зеф Љуш Марку“ учат право во младински клуб

Околу 15 члена на клубот „Учиме право“ во скопското училиште „Зеф Љуш Марку“ редовно се информираат за човековите права и слободи, демократијата и концептот на владеење на правото. Клубот е дел од поголема мрежа во државата, па тие имаат можност да соработуваат и заеднички да учат за нивните демократски права со врсници од други градови. Предавањата се одржуваат на македонски и на албански јазик, а клубовите се организирани од Младинскиот образовен форум.

**Ера Ајдарага, ученик во СУГС „Зеф Љуш Марку“**

Медиум

**Уредници на „Медиум“:** Дејан Андонов, Александар Самарџиски, 02/30 90 004
**Дизајн и техничко уредување:** Марија Чундева
**Веб:** Александар Делчевски
**Лектори:** Сузана Митревска и Кристина Јовановска
**Маркетинг:** тел: (02) 5511727
**Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
www.medium.edu.mk; е-адреса: medium@medium.edu.mk

This project was funded in part through a U.S. Embassy grant. The opinions, findings, and conclusions or recommendations expressed herein are those of the implementers/authors and do not necessarily reflect those of the U.S. Government.

Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот(ите)/авторот(ите) и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

Ky projekt është pjesërisht i mbështetur me grant nga Ambasada e SHBA-ve. Mendimet, zbulimet dhe konkluzionet ose rekomandimet e paraqitura këtu janë të implementuesit/autorëve dhe nuk i reflektojnë domosdoshmërisht ato të Qeverisë së SHBA-ve.

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

## Научете ги тајните на креативното пишување



Во природата на човековиот ум е да размислува едноставно, јасно, рационално. Нашите мисли немаат вишок зборови, не се полни со еуфемизми, непотребни апозиции, компликации. Зошто тогаш кога сакаме мислите да ги ставиме на хартија почнуваме да ги усложнуваме? Како да пишуваме едноставно и прецизно, баш онака како што мислиме? Како тоа да биде, истовремено, и креативно и со стил? Како да пишувам ефективно и целисходно?

Честопати имаме одлични идеи во главата, нè понесува некој чуден ентузијазам, пишуваме речиси без здив, мислите се редат еднаподруга, сите сакаме да ги овековечиме, ниедна да не исчезне пред да биде запишана... А кога сме готови со пишувањето, читаме и... убавото чувство и ентузијазмот полека нè напуштаат. Напишаното не звучи исто толку восхитувачки како што ни звучеше првичната идеја.

Ништо страшно. Идејата е бесценета. Сè друго можеш да научиш. Запиши се на курсот „Вештини за креативно пишување“ што го организира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста. Пријави се на www.vs.edu.mk/kursevi, kursevi@vs.edu.mk или на (02) 30 90 004.

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ИНТЕРВЈУ СО МАРИЈА ЈАНЕВСКА, АВТОРКАТА НА „БЕЛЕШКИТЕ НА ЛАЈЛА ГРЕЈС“

# Не размислувајте многу, туку работете со љубов

Од анонимна блогерка, која се појави во 2012 година, прерасна во хит на социјалните мрежи. Нејзината страница за обожаватели на Фејсбук, насловена „Белешките на Лајла Грејс“, за две години собра повеќе од 70.000 лајка. Љубовните приказни и цитати што секојдневно ги објавува се илјадници пати споделени од нејзините обожаватели. Потенцијалот што го носи нејзината мисла беше награден со тоа што издавачка куќа застана зад неа и сега ја најавува нејзината втора книга



**Медиум: Твојот блог ја означи твојата писателска кариера. Набрзо стана хит на Фејсбук со илјадници лајкови на твојата страница за обожаватели. Од каде ја доби желбата за пишување и дали очекуваше толку голем успех?**

Марија: Желба за пишување сум имала отсекогаш и таа моја желба беше повеќе инстинкт, природен нагон, отколку желба. Уште како мала имав стара машина за куцање во соба и глумев дека сум писател, баш како што многу деца си играат дека се доктори, пилоти или учителки. Со текот на годините во општество како нашево се убедив дека тоа е само детски сон. Се запишав на Фармација и заборавив на пишувањето. Кога пишував, пишував за себе. Никогаш немаше ни да помислам дека ќе бидам македонски бестселер. Откако случајно си го остварив сонот, сфатив дека во Македонија младите забораваат да сонуваат, си ги забораваат желбите и се срамат од своите таленти. Задоволни се од малку и живеат просто и плитко секојдневие.

**Медиум: Неодамна на страницата за обожаватели објави слика, која навестува втор дел на твојата книга. Колку време го пишуваш вториот дел и кога може да го очекуваме неговото објавување?**

Марија: Да, вториот дел од „Белешките“ - „Карма“ е готов. Грубо кажано - манускриптот е готов, не целата книга како продукт. Сега се работат финесите. Има уште многу работа, од корица до графички дизајн, од маркетинг до продажба. Книгата ја пишувам нешто помалку од првата, помалку од една година и се надевам дека ќе го фатиме последниот воз во декември и читателите ќе можат да ја имаат книгата во своите домови пред Нова година.



**Медиум: Што да очекуваат читателите од продолжението?**

Марија: Не би сакала да откријам многу. Ја сакам спонтаноста и сметам дека кога се чека е послатко. Моите читатели многу добро го знаат мојот стил и мислам дека ќе дозволат и овој пат позитивно да ги изненадам. „Карма“ е нов бран од емоции, кои нема да дозволат да се затворат страниците. Мислам дека ќе уживаат во уште една серија од совршено сложени зборови.

**Медиум: Како се чувствуваш кога гледаш дека стотици луѓе ги споделуваат твоите цитати, а неретко се случува и да ти ги ископираат приказните и да го избришат твоето име како писателка?**

Марија: Порано ми пречеше кога ќе видев дека некој ископирал нешто мое, но повеќе не. Грејс стана бренд од емоции и моите читатели ги знаат моите зборови напамет. Доволно ми е што знам дека сум допрела до толку многу луѓе насекаде. Навистина копирањето не ми значи ништо. Го надраснав сето тоа.

**Медиум: Во кое средно училиште учеше и дали би сменила нешто од твојот средношколски живот кога би се вратила неколку години?**

Марија: Сите четири години си ги поминав во моето драго „Јосип Броз-Тито“. Ме изделка на сите можни начини и ме направи многу поиздржлива отколку што тоа би го направило друго средно училиште. И цврсто стојам зад тоа дека „Јосип Броз“ не е само обична скопска гимназија. „Јосип Броз-Тито“ е еден поинаков свет. Дали би сменила нешто? Можеби. Не многу, но некои мали кривини би ги фатила подобро. Сепак, мислам дека изборите од тинејџерските години ме направија тоа што сум денес и навистина не би се менувала.

**Медиум: Што најмногу читаше кога беше средношколка?**

Марија: Во средно, покрај стандардните лектири и дела, читав и книги што повеќе ме копкале. Со текот на годините Хесе ми ја отвори имагинацијата и сè повеќе уживав во неговите книги. Сестрите Бронте ми беа полесни за читање и ги читав секогаш кога се чувствував преморено, бидејќи пишуваат исто како да гледаш филм. Лесно и течно. Како и многу од тинејџерките тоа време, бев обожавателка на Самрак-сагата, ама ги читав и Коељо и Петре М. Андреевски. Понекогаш имаше периоди кога читав само поезија и знаев да се заборавам читајќи го Пабло Неруда со денови.

**Медиум: Што би ги посоветувала средношколците што се занимаваат со пишување или со некоја друга уметност?**

Марија: Пред сè да не размислуваат многу, туку да работат од љубов. Младите премногу размислуваат на тоа како да се издигнат над толпата уметници отколку што уживаат во своите дела. Така само размислуваат стратегиски и не дозволуваат талентот да си го создаде својот пат природно. Уметноста не се планира. Јас никогаш не знам кој ден колку и дали воопшто ќе напишам нешто. Сè оди спонтано. Сите оние што го сакаат она што го прават треба да знаат едно нешто - уметноста не познава граници. Се издвојува случајноста. Искреноста е таа што се препознава од километар. Вистинската љубов кон уметноста оди докрај. Таквите луѓе не се откажуваат. И верувајте, кога-тогаш успеваат.

Медиум: Има ли во Македонија услови за напредок на младите писатели? Ја добиваат ли потребната поддршка?

Марија: Реално, услови и поддршка нема, ниту финансиска ниту морална. И тоа е до државата во која живееме. Меѓутоа, ако нешто навистина сакаш, секако ќе се оствари. Едноставно потребно е малку повеќе работа, барање спонзорства и пред сè поддршка и љубов од твоите обожаватели. Тие се пиедесталот.

**Репортер: Мартин Манасков, студент на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

## ДВА НА КВАДРАТ

БЕТМЕН ВЕЛИТ, ТВИТЕРЏИЈА

### Никогаш не одев со готов состав на писмена по македонски



**Медиум: Ти си еден од најпознатите македонски твитерџии и еден од поддржувачите на „Моември“. Можеш ли да направиш една паралела помеѓу Твитер и оваа глобална акција?**

Бетмен Велит: „Моември“ е корисен и си го има своето позитивно влијание за оние што се активираат и ја следат каузата на месецот на машкото здравје. За оние што се незаинтересирани може да е само еден мрачен ладен месец во кој дишеме загаден воздух и чекаме да дојде декември за да кажуваме како ни е прекуглава од тоа да нè прашуваат каде за Нова година. Загаден воздух има и на Твитер за оној што си е мераклија на гадливост. Чист свеж воздух, кој е добар за здравјето, има за оние расположените за критичка мисла, а таквите луѓе имаат предиспозиција што често токму медиум како Твитер може да ја активира. Во пола реченица: и струјата е штетна ако брцнеш прсти во штекер.

**Медиум: Каде заврши средно и каков беше како средношколец?**

Бетмен Велит: Јас сум охриТски експатрид. Учев во гимназијата „Св. Климент Охридски“, природно-математичка насока. Како средношколец бев среќен. Одлични оценки во дневник, одлични мали и големи одмори, одлични сендвичарници во близина кога се губи час или кога часот те губи тебе. Одлични пријателства, кои мислиш дека ќе траат вечно, па потоа мислиш дека не биле премногу специјални пријателства, а всушност имаш погрешна идеја за тоа што е вечноста. Не знам каков бев како средношколец, прашајте ги класната и генерацијата. Делев ужинка со другарчињата, прашував кога не знам прашање на тест и никогаш не одев со готов состав на писмена работа по македонски јазик. И пеев во хор. И радио направивме, на мали и големи одмори. Одлични, одлични денови.

**Целото интервју на www.medium.edu.mk**
**Репортер: Катерина Смилева, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

ДРАГАН СПАСОВ-ДАЦ, АКТЕР

### Веднаш се менувам за една недела во средно



**Медиум: Каде, според вас, повеќе лежи возбудата - на театарската сцена или во филм?**

Дац: Јас кога почнав со оваа работа мислев дека само во филмови ќе глумам. Такво чувство имав, но ме излажа зашто тука слабо се снимаат филмови. Од друга страна, не бев дел од тие филмови што се снимаа тогаш. Но правиот контакт со публиката е театарот - тука нема збор. Во театарот ја чувствуваш публиката, па дури и имаш трема при првата изведба, односно на премиерата. На филмот, пак, јас одам да ја гледам премиерата. Малку различно е. Како е снимено во филмот не зависи од тебе, како е монтирано исто така не зависи од тебе. Може и воопшто да те нема во филмот, ако не му требаш на режисерот. Така што филмот е комплетна друга работа од театарот.

**Медиум: Кога би требало да се одлучите помеѓу главна улога во претстава и една недела во средношколскиот живот, што би одбрале?**

Дац: Се менувам веднаш! Ќе ја оставам претставата затоа што сакам уште една недела да бидам средношколец. Затоа, уживајте додека сте средношколци. Мислам дека премногу се седи на Фејсбук, Инстаграм и сè друго. Порано имаше многу повеќе движење. Јас не бев прибран дома, бев цело време по улица. Не дека „лутав“ и правев глупости, туку играв кошарка, школица, сервис, не е важно - сè игравме. Постојано возевме со нашите велосипеди. Дома се прибиравме само кога ни се јадеше и, нормално, кога моравме да учиме. Арно ама, голем дел млади само со телефоните седат. Прво нема муабет, цело време се со телефончето и само зјапаат во него. Второ, цело време се седи дома и со часови се губи време.

**Целото интервју на www.medium.edu.mk**
**Репортер: Љубица Николовска, студентка на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста**

## БЛИЦ-ВЕСТИ

### Одложувањето на алармот го нарушува денот

Сите ја сакаме опцијата „снуз“ на мобилните телефони, но новите истражувања покажуваат дека одложувањето на станувањето од креветот е штетно за организмот и може да ви го уништи целиот ден. Специјалистите велат дека со одложувањето на алармот си играте со РЕМ-фазата на сонот, која е најважна за менталниот фокус во текот на денот. Затоа, може да се чувствувате слабо, зашеметено и непродуктивно. За да не дојде до ова, докторите советуваат барем 7 часа сон, будење во светла просторија и здрав појадок. И.К.

### Усовршен прототипот на летачки автомобил

Автомобилот „аеромобил 3“ може да се вози и по регуларен сувоземен пат, но со притискање едно копче тој ги отвора своите крила и може да се вивне во облаците. Може да прелета дури 700 километри. Летачкиот автомобил е измислен од словачка компанија, која го усовршувала моделот уште од 1990 година. Тој е прототип направен од карбонска конструкција и лесни легури на челик, тежок е 450 килограми и може да користи регуларни бензински станици и стандардни паркинг-места. И.К.

### Скајп ќе преведува јазици во реално време

Новата опција на Скајп, која неодамна ја презентираше компанијата „Мајкрософт“, може да преведува повици меѓу луѓе што говорат различен јазик. Директорот на „Мајкрософт“, Сатја Надела, вели дека нивната цел е да ја подобрат иднината на меѓународната комуникација и да ги намалат јазичните бариери меѓу луѓето. Програмата ќе може да преведува и зборови во пишана форма, а досега таа демонстрирала преводи на кинески, германски и на англиски. Овој софтвер за некои јазици ќе биде достапен до крајот на годината. И.К.

### Продаден најскапиот часовник за 19 милиони евра

Најкомплицираниот рачно изработен часовник е продаден во аукциската куќа „Сотбис“ за 19 милиони евра, со што се постави нов светски рекорд. „Суперкомплицираниот часовник“ го направил Филип Патек, а за рачно да го изработи му биле потребни осум години. „Светиот грал“ меѓу часовниците, како што го нарекуваат, е направен од злато, има стандарден календар, кој важи за сите години, месечни фази, резервна батерија и покажува кога изгрева и заоѓа сонцето. И.К.

КАДЕ БЕВМЕ?

# КАРЕВЦИ, ЧЕСТИТО!





На 9 ноември 2014 година, црвени и златножолти балони, црвени панделки и ученици во свечена облека, наредени во ред пред влезот на Македонската опера и балет. Тоа беше сликата ден пред роденденот на скопската гимназија „Никола Карев“, кога учениците, вработените и многу гости го прославија јубилејниот патронат - 70 години од постоењето на училиштето.

А како беше изминатите 70 години? И во далечната 1944-та почетокот беше настан. Тогаш е формирана првата Учителска школа во Македонија, која подоцна прерасна во сегашната гимназија. Оттогаш, колку ли само генерации ученици, професори и вработени поминале низ нејзините порти. Седумдесет години постоење, 70 години неуморно работење, 70 години растење и создавање училиште со познато име.

Кога би можеле да зборуваат, ѕидовите на ова здание би раскажале многу приказни, би ги споделиле со времето спомените и сеќавањата за многу генерации добри и помалку добри, амбициозни и не толку амбициозни, вредни, мрзливи, снаодливи, ученици со визија, но и такви што го избирaат полесниот пат до својот сон... Токму овде тие раснеа, созреваа, учеа да го разликуваат доброто од лошото, да сакаат, почитуваат, да веруваат во себе, да бидат луѓе.

Но целата приказна не ќе беше реалност доколку не ги пречекаа наставници, кои знаеја како да му помогнат на детето да стане човек подготвен да ја гради својата, иднината на своето семејство и својата земја, луѓе што трпеливо и со љубов им покажаа на учениците дека училиштето е нивниот втор дом, куќа на знаење каде што секој ќе може да се пронајде себеси, да открие што сака и колку може и да ја осознае најголемата мудрост во животот - дека не е среќен оној што го прави тоа што го сака, туку оној што го сака тоа што го прави.

Некогашната учителска школа денес е современо училиште, кое е двигател на слободниот израз, креативниот ум и спортскиот предизвик, каде што учениците се главната причина поради која се работи, труди и вложува, во кое екосвеста на учениците е на високо ниво, кое ги промовира мирот, ненасилството и мултиетничката интеграција. Во тој дух се едуцирани голем број успешни личности во земјата и надвор од неа. Групата „Мизар“ ги имаше своите први настапи токму во фискултурната сала на училиштето, Ивица Боцевски, Бујар Османи, Сашо Тасевски и многу други се славни каревци.

Јубилејот се случува во исто време со славењето на 70-годишната слобода на Скопје. Овој свечен чин се поистоветува и со слободата што сакал да ја види Никола Карев. Затоа 70-те години постоење можат да се заокружат со мислата дека ништо подобро не успева од успехот, особено ако е постигнат со заеднички сили.

**Автор: Снежана Станкова, професорка во СУГС „Никола Карев“**

# УЧИЛИШТЕТО КАКО ВТОР ДОМ: КУМАНОВСКИТЕ УЧЕНИЦИ СО ГОРДОСТ ЈА ПРЕТСТАВУВААТ ГИМНАЗИЈАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“







Секоја година исполнета со нови искуства и нови животни лекции. Вака учениците од кумановската гимназија „Гоце Делчев“ го доживуваат средношколскиот период поминат на клупите од ова училиште. Со многубројни дипломи, пехари, медали, државни награди и драмски достигнувања, тие велат дека гимназијата од година на година станува сè поелитна, проширувајќи ги видиците на учениците и нудејќи можност за претставување преку разни секции, како пред домашната публика така и во странство.

- Тука може да ги спомнеме и спортските терени, на кои нашите ученици се постојани. Нашето училиште постојано врши размени со збратимени училишта од други места, држави. Учествува на секакви натпревари и уште повеќе се збогатува со искуства. Тука секој има свое место, своја функција, свој глас. Секој индивидуално се искажува во активностите што се спроведуваат надвор од училиштето. Посебен интерес има за проектните активности литературни клубови-драмски секции поради неколку успешно изведени претстави: „Госпоѓа Министерка“ и „Народен пратеник“ - велат учениците за „Медиум“.

Она што со текот на годините за кумановската гимназија стана традиција е збратимувањето со гимназијата „Светозар Марковиќ“ од Ниш. Соработката на двете училишта резултира со меѓусебни посети на саеми и неформални дружења, од кои едните од другите учат по нешто.

Според кумановските гимназијалци, училиштето што тие го претставуваат на секој натпревар и посета во странство не е само образовна институција туку и едно огромно животно искуство.

- Секој е добредојден во овие клупи. Без сомнеж, штом еднаш ќе сетите дел од гимназиската атмосфера во „Гоце Делчев“, не ќе можете без неа - зборуваат учениците за објектот што го сметаат за втор дом.

**Автор: Тина Трајковска, IV-11, СОУ „Гоце Делчев“ - Куманово**

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

ВО ОТСУСТВО НА СИЛНА СРЕДНОШКОЛСКА УНИЈА



# Расцепкан наместо обединет средношколски активизам

Продолжение од стр. 1

Во овие две младински организации ни рекоа дека воопшто не е сложено да се стане нивен член. На пример, за еден средношколец да се зачлени во кочанското здружение треба да дојде на состанок што се одржува секоја недела и да побара да учествува во предвидените активности. Членството се потврдува со издавање членска картичка. Од организацијата „Авангарда“ велат дека вклучуваат околу 150 средношколци од Кочани во различни активности, додека 60 средношколци од Гевгелија се активни преку здружението БУМ.

Примерот на Ивана и Емилија потврдува дека македонските средношколци имаат потреба да се здружат во посериозна организација на национално ниво, која ќе биде двигател на младинскиот активизам.



## НЕВИДЛИВА СРЕДНОШКОЛСКА УНИЈА

Во Централниот регистар официјално е регистрирана една унија на средношколци во Македонија, но нејзиниот деловен статус не е активен. Не успеавме да го најдеме седиштето на оваа средношколска унија, нејзината веб-страница, ниту пак да поразговараме со нејзин претставник. Затоа „Медиум“ почна да истражува по училиштата дали на ниво на државата функционира унија во која се обединети и заеднички дејствуваат средношколци од цела држава.

Средношколците со кои разговаравме не знаеја дали постои средношколска унија.

- Воопшто не сум запознаена. Јас сум матурантка и во овие четири години никој ниту нè информирал ниту нè повикал да се приклучиме на некаква унија. Дефинитивно треба да функционира, зашто нас средношколците нема кој да нè претставува. Се појавуваат само поединци што изнесуваат парцијални ставови - вели средношколката Мила Антулевска од скопското училиште „Георги Димитров“.

- Постојат младински движења и клубови, ама не сум запознаен за средношколска унија. Вообичаено целиот гнев за проблемите што ги имаме во образованието го собираме во себе или го истураме на професорите. Силна средношколска унија ќе има авторитет на групација што ќе може да го застапува гласот на младите и да преговара - смета средношколецот Бобан Сугарески од гимназијата „Никола Карев“ од Скопје.

- Мислам дека не постои средношколска унија. Без унија многу е потешко да се организираме. Унијата би опфатила поголем број средношколци и би имале пристап до сите работи што нè засегаат - вели средношколката Сара Настја Ристовски од скопската гимназија „Орце Николов“.

Ги прашавме и професорите, но ниту тие не слушнале нивни ученици да членуваат во некоја средношколска унија. Ни објаснија дека постојат заедници на средношколци на ниво на училишта што се состануваат најчесто кога се организираат екскурзии, еколошки акции или патрониот празник. Дури и во нив не може да пристапат сите ученици, туку само претседателите на класовите или по два-тројца претставници од секој клас. На училишно ниво средношколците можат да се организираат и во младински парламенти, унија на претседатели на класови или да учествуваат во училишните одбори.

На темата средношколско организирање најдовме истражување што било спроведено лани од невладината организација Младински образовен форум (МОФ). Резултатите покажале дека последните активности на унијата на средношколци на Македонија се забележани пред пет години. Од 45-те училишта од десетина града во земјава што биле опфатени со истражувањето, само едно имало претставник во средношколската унија. Испитаните ученици кажале дека не се запознаени со постоењето на средношколската унија ниту, пак, со некакво средношколско организирање надвор од нивното училиште. Исто така, тие не знаат кои се претставниците на средношколската унија. Причината за ваквата ситуација ја гледаат во тоа што никој не ги информирал за да можат да покажат интерес, унијата немала никакви активности и немало отворен избор за претставник од училиштето.

- Ваквите податоци водат до констатација дека средношколското организирање на ниво на државата воопшто не постои, што говори и за исклученоста на средношколците од какви било советодавни или процеси на одлучување на државно ниво - пишува во извештајот.

Според истражувањето на МОФ, одлуката на средношколците дали ќе се приклучат кон некоја акција се сведува на личниот интерес и засегнатост од проблемот, но и на тоа дали ќе потрошат многу време и други ресурси, дали организацијата е добра и дали ќе имаат негативни последици како намалување на оценки и влошување на односот со професорите.

## СИЛНА УНИЈА ЌЕ ГО ЗАЈАКНЕ СРЕДНОШКОЛСКИОТ АКТИВИЗАМ

Просветните работници со кои разговаравме сметаат дека првиот и најважен чекор за активирање на учениците во силна средношколска унија е кај нив да се разбуди свеста за можностите и улогата што ќе ги имаат во општеството ако учествуваат во различни младински акции.

- Активирањето на униите е потребно за учениците да може да се вклучат во образовниот и општествениот систем. Тие се важни и за развивање на цивилизацискиот дух кај младите, како и за градењето на нивниот сопствен интегритет - смета психологот во средното училиште „Мирко Милевски“ во Кичево, Каролина Јовеска.

Промената на генерациите со текот на годините довела и до промена на навиките, амбициите и интересите на средношколците, кои треба да се имаат предвид при нивното ангажирање во посериозна средношколска унија. Социјалните мрежи и дигиталните технологии се дел од методите што, ако правилно се користат, можат да поттикнат општествен активизам преку креативни проекти, оригинални идеи и борба за сопствени права, истовремено регрутирајќи илјадници средношколци.

- Учеството во младински здруженија предизвикува чувство на припадност, кое денес е заменето со виртуелниот свет. Тоа што младите постојано се активни на социјалните мрежи каде што можат да го споделат нивното мислење за одредена тема, прави тие да мислат дека се дел од нешто во општеството. Но, за жал, во реалниот свет сè уште се отсликува голема пасивност кај нив - вели социологот Гоце Ангеловски.

Додека во Македонија нема средношколска унија што ќе овозможи сериозно ученичко здружување и активирање, во регионот средношколските унии дејствуваат со јасна стратегија и национална координираност и се членки на различни европски организации. На веб-страниците на хрватската и на српската средношколска унија пишува дека работат со мотивот од учениците да направат рамноправни актери што носат одлуки, а не пасивни примачи на знаење. Нивната цел, меѓу другото, е да го зајакнат капацитетот на ученичките парламенти, да го поттикнат активизмот помеѓу учениците и да креираат инклузивни и безбедни училишни заедници.

**Репортер: Александар А. Самарџиски, дипломиран студент на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и новинар во „Нова Македонија“**

ПРВПАТ ВО МАКЕДОНИЈА - НА 12 ДЕКЕМВРИ

# Медиумски ден за средношколците

Медиумите - Интернетот, музиката, ТВ, видеоигрите, стрипот, па дури и рекламите - се дел од животот што го уживаме сите. Популарната култура влијае при креирањето на нашиот животен стил, ставови и, генерално, на личниот и на социјалниот развој. Меѓутоа, ја препознаваш ли секогаш границата меѓу реалноста и фантазијата? Правиш ли разлика меѓу моделите, насилството и хероите во медиумите и во вистинскиот живот? Дали си пасивен потрошувач или ангажиран корисник на медиумите?

Приклучи се во Медиумскиот ден за средношколци и деконструирај ги медиумите. Првпат во Македонија, на 12 декември (петок), Високата школа за новинарство и за односи со јавноста ќе ти овозможи за еден ден да бидеш дел од процесот на продукција во мејнстрим-медиумите. Под слоганот „Размислувај критички, дејствувај етички: во и надвор од училницата“, Медиумскиот ден ќе ти помогне полесно да ги разбереш медиумските содржини и пораките што ги испраќаат.

Запознај се со различните типови медиумска продукција - во ТВ, радио, веб-портал и во весник. Разговарај лично со истакнати уредници и новинари за етичките предизвици на новинарството, политичките и економските влијанија, медиумската продукција, итн. Научи како да ги пребаруваш и вреднуваш информациите и како да ги користиш мултимедијалните алатки креативно.

Пријави се за Медумскиот ден за средношколци најдоцна до 8 декември (понеделник) на medium@medium.edu.mk или (02) 30 90 004. Остави ги твоето име и презиме и контакт-податоци.

Медиумскиот ден за средношколци се организира во рамките на проектот „(Де)конструирај ги медиумите“, поддржан од Амбасадата на САД во Македонија.

Д.А.



МИРОСЛАВ ГРЧЕВ, УЧЕНИК ВО СУГС „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“

# ХОБИ ИЛИ?






Цртањето илустрации и стрипови е несекојдневното и интересно хоби на 17-годишниот Мирослав Грчев од Скопје. Овој ученик во скопската гимназија „Георги Димитров“ поголемиот дел од своето време го минува со своите цртежи, во кои остава дел од себе. Талентот за цртање бил забележан уште одамна, кога немал ни полни пет години, па, како што вели и самиот Мирослав, и тогаш и сега најголемата поддршка ја има од својот татко. Инспирацијата ја црпи од компјутерските игри, цртаните филмови и многуте стрипови што секојдневно ги чита. Својата фантазија ја претвора во слики со акварел, туш и акрилни бои.

- Кога сум нервозен, целата негативна енергија ја пренесувам на листот и тогаш имам најголема инспирација за цртање. Понекогаш се случува со часови да седам затворен со листовите пред мене, но тогаш се чувствувам навистина исполнето - вели Мирослав.

Тој не пропушта да посети ниту една изложба во Скопје и во другите градови во Македонија. Иако смета дека оваа култура не е многу развиена во Македонија, талентираниот гимназијалец себеси се гледа како иден успешен и познат графички дизајнер и илустратор. Ова момче има огромен талент за сликање, но својот талент досега го криел од пошироката јавност. Не конкурирал на конкурси, а неговите цртежи ги гледале само оние околу него. Сè до минатата година, кога добил награда на средношколските игри, а веќе до крајот на оваа година најавува и своја изложба.

**Автор: Александра Михајловска, ученичка во СУГС „Георги Димитров“**







НИЕ ИСПРАШУВАМЕ

БОРИС ПОПОВ, ПРОФЕСОР ПО ИНФОРМАТИКА ВО СУГС „ОРЦЕ НИКОЛОВ“

# „Аплициран" меѓу мониторите и ученичките клупи



Сакал да биде истражувач на природата, но кога го почнал студирањето во него се родила желба за работа со деца. И станал тоа што е денес. Иновативен, креативен, професор и соработник на учениците на 21 век. Модерен и интересен во секој поглед. Тоа е тој. Нашиот „виртуелно“ реален и оригинален - професорот Борис Попов.

Заглавен меѓу мониторите во кабинетот по информатика, отворен за да ги сподели новите информатички светови. Еден од ретките што ја имаат лиценцата за обучувач на „Мајкрософт“. По завршувањето на часовите, неговиот кабинет станува истражувачка лабораторија. Идните гејмери и информатичари учат од него и од неговите знаења. Посветено, меѓу своите ученици пронаоѓа нови и идни создавачи на информатичкиот свет.



- Среќен сум што секојдневно сум опкружен со деца-таленти, генерации на иднината. Живееме во информатичка доба, во која тие сигурно ќе го најдат своето место. Нашите часови се работилници на кои учиме заедно. Компјутерите за нас се истражувачка станица во која кога работиме заборавме на времето и на часовите поминати покрај мониторот. За новите таленти допрва ќе се слушне. Тие веќе имаат свои оригинални модели што ќе бидат нов бренд во информатичкиот свет. Затоа моите ученици се мојата инспирација - вели професорот Попов.

Мобилни апликации, програми, компјутерски инфраструктури, роботи, програмски јазици, веб-страници, реклами. Сето тоа е ставено во рамката на неговиот час.

- Информатиката не ги учи учениците само за компјутерскиот свет. Напротив, целата таа технологија ги подучува на вештини за животот, за тоа како да бидат иновативни во тоа што ќе го направат и, најважно од сè, како да размислуваат отворено, да бидат „надвор од кутијата“ - додава професорот.

Тој држи различни предавања во областите на информатиката, иновациите, менаџерството. Им помага на младите и талентирани луѓе да ја пласираат својата идеја. Ги поврзува учениците со различни луѓе што се способни да им помогнат и им ги проширува нивните хоризонти. Соработува со многу средни и основни училишта, како и информатичките и математичките факултети.

Неговиот успех е успехот на неговите ученици. Само пред неколку недели со својот тим ученици-таленти учествуваше на „Европската недела на кодови 2014“, натпревар што го организира Европската комисија за образование. Од нивните презентации се „родија“ нови и оригинални мобилни апликации, нови интернет-игри и идеи за нови интересни компјутерски програми.

Со неговиот пристап и знаење тој е вистинска мотивација за учениците. Преку различни активности, натпревари и мрежни поврзувања, на неговиот час секогаш има повеќе од 34 ученици. Неговиот час навистина е едно големо училиште, отворено секогаш за тие што сакаат да учат!

**Автори: Теодора Алексовска II-9, Кристијан Даневски II-9 и Бисера Димчева II-9, ученици во СУГС „Орце Николов“**

## ЈАС МИСЛАМ ВАКА

ДЕЈАНА ПОПОСКА, IV-8,
СУГС „РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ-КОРЧАГИН“

# Диско-дискографија

Сите бевме панкери, кога беше „фора“. Панкот долго беше на апарати за дишење, ама умре. Турбофолкот е тој што не е мртов. Во најдобри години е и без „лична“, го пуштаат по дискотеки. Е сега, едно круцијално прашање колку промили нѐ делат од „Што им е на селанкиве?“ до „Тоо Цецооо“ расположение.



Веќе сите „Раскинавме со неа“, и тоа во „репризи“ на сѐ можно што се случи од „event“. Да не беше Цеца со песната, многу двојки ќе ја преживееја годината. Од причина што Светлана ги натера да раскинат, сега се журкаат до недоглед. Во тие моменти на „транс“ од срцепарателниот текст сите гледаат кој ги гледа. Не знаеш што е полошо - да си пееш и да гледаш дали ти се смеат непочитувачите на актуелната песна или да седиш од страна прашувајќи се зошто не си дома. Во секој случај, сѐ тоа се крие зад еден „не ми е гајле“ став за кој ние цурки можеме докторат да напишеме.

Од друга страна, мора да има нешто во тие заразни рефрени од кои сакале-нејќеле знаеме најмалку десет. Колку уживаме во патетика. Да треба да избираме, мислам дека пред парче пица доза патетика би одбрале. И тамам ни легнува тој дух, Сашко Коцев многу убаво го има објаснето: „Сѐ некој некого оставил, ја њу волу она мене не воле“. И веќе пола од журкаџиите се пронашле во текстот и дури едната рака им е кренатa горе во чест на песната, другата панично го бара телефонот да почне да ѕвони на „поранешниот/поранешната“.

Одвреме-навреме и на некои места има стварно „кул“ музика. Знае Скопје да игра по градски ноти, а еве и ние полека се учиме. Ама џабе ни се сите песни од Ерик Клептон на „wall“ кога уште во „средно“ на екскурзија сме се буделе со „Да раскинем са њом“, сме заспивале со „Да раскинем са њом“, под туш „Да раскинем са њом“, пред диско „Да раскинем са њом“, во диско „Да раскинем са њом“. И потоа ќе биде: „Не знае ОН да ѝ раскине на женска му“. Па фала богу дека не знае, од кај да знае!?

ИСТОК УЛЧАР, 4-10, СУГС „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“

# Поезија израпувана и испеана пред микрофон

Знаеме дека видот на поезијата игра голема улога во тоа какво место таа ќе заземе во општество, но и нејзиниот пласман кај публиката игра голема улога. Во нашево модерно општество поезијата ќе биде многу повеќе слушната или прифатена ако е сервирана во облик на текст од музичка композиција. Рап-музиката, која најмногу се концентрира на текстот од сите преостанати популарни музички жанрови, веќе одамна има земено голем замав и има извршено големо влијание кај својата публика, која е составена од голем број мои врсници. Значајни се и текстовите во песните на неколку метал/рок-музички состави што јас ги познавам. Во стиховите на „Металика“ често се разработува зависноста од наркотици како психолошки процес, а конкретно песната „Am I Evil“ ја разбирам како критика на човештвото во целина, поточно на сето зло што човекот може да го направи (Ова го препознавам во последните стихови од рефренот, кои во превод од англиски на македонски значат: „Дали сум зло? Човек сум. Да, сум“). Стиховите на Брајан Ворнер, алијас Мерлин Менсон, на Серџ Танкјан (текстописецот на „System of a Down“) сѐ почесто насочени кон критикување на негативните општествени процеси. Покрај нивните емотивни стихови (кои кај Ворнер се доста почести), тие го критикуваат консумеризмот, слепото верување на луѓето во религиите, па и апатичноста и безволноста на промена на лошите социјални состојби. Во рапот значаен револуционерен лирицист е Имортал Техник.



Се разбира дека во двата жанра се присутни екстремно неоригиналните текстови со неосновани вулгарности, и текстови без поента, но тоа се случува и кај класичната „напишана“ поезија. Сведоци сме на постоењето на неоригинална патетична љубовна поезија, која нема никаква идеја (најчесто објавена на блог), освен емоционално празнење на авторот. И сето тоа е во ред (не може секој да е талентиран, ако воопшто постои талент), сѐ додека неупатената и неинформираната публика почнува тоа да го смета за врвна уметност. Но тие исти неквалитетни стихови водат до тоа академските кругови да не покажуваат голем интерес кон поезијата израпувана или испеана пред микрофон, во студио.

Според тоа, доаѓаме до точката во која влијанието на поезијата во светот има едно главно позитивно и едно главно негативно разгранување: позитивното е создавањето револуционерен дух и подобрување за ставовите кон светот, кое, реално, е многу позастапено во одредени жанрови во музиката (тука не смее да биде изоставен блузот), отколку во стихозбирките; а негативното е создавањето лоши претстави од страна на публиката кон одредена поезија или литература.

ХРИСТИНА НАЈДОВСКА, IV-1, СУГС „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

# „Да“ за сексуалното образование

Често по медиумите, а и во секојдневниот живот слушаме за проблемите со кои се справуваат луѓето од типот на малолетничка останала трудна, жените од руралните средини трпат сексуално малтретирање или, пак, хомосексуалците се цел на психичко и на физичко насилство. Може и комшивката да се справува со вакви проблеми, може и нашата соученичка сака да направи абортус или, пак, нашиот другар сака да се депилира. Велат луѓето, тоа не е нормално. А која е дефиницијата за нормалност? Она што за пајакот е нормално, за мувата е убиство. Додека молчиме, можеме и ние да бидеме епицентар на овие проблеми.

И тука го формулираме прашањето што треба да се направи за да се избегнат вакви ситуации. Какви мерки да се преземат? Едно знам, дека гласно кажувам „да“ за сексуалното образование. Сексуална едукација не треба да има само по центрите што се занимаваат со сексуално и репродуктивно здравје туку и во основните и во средните училишта. Младите уште од најмала возраст треба да се запознаат со проблемите, со сексуалните преносливи инфекции, кои превентиви да ги преземат, како да се заштитат од бременост, дека додека се цел на насилство не треба да молчат и да потиснуваат во себе, туку да пријават. Денес младите не знаат ниту каде да го пријават насилството, се срамат да ги кажат своите проблеми, се срамат да купат кондоми, кои се превентива за нивното здравје, се срамат да одат на гинеколог. Професорите ги избегнуваат темите за секс, ги прескокнуваат лекциите по биологија за половите органи. Професорите молчат, родителите молчат, младите се предмет, односно трпител на дејството. Во модерното општество сексуалните односи не треба да бидат табу-тема, затоа што нѐ засегаат мене, тебе, нас.





Јас велам гласно „да“ за воведување на сексуалното образование, „да“ за едукација, „да“ за интеграција на младите да сменат нешто. Да си ја подигнеме свеста, да се спознаеме прво себеси, а потоа и нашиот партнер. Ако општеството треба да биде здраво тело, ние треба да се потрудиме да го изградиме од здрава клетка.

АТАНАС АВРАМОВ, IV-1, СОУ „БОГДАНЦИ“



# Завесите на младинските лица

Општествената заедница е апстрактна арена во која се борат нашите стравови и нашето вистинско его, кое е истоштено од криење на неговата содржина поради претпоставената осуда од мистичните очи што трепкаат во темнината. Лицата на младите станаа отворена книга за креативност која е заробена во границите воспоставени од општеството за да се создаде една хомогена смеса од луѓе.

Суштинските карактеристики треба да ја воздигнат единката во толпата, да ја направат посебна ѕвезда на небото. Наместо ставање акцент на уникатноста, станавме универзални статуи, кои имаат исти рутини, исти монотонски живот. Станавме предмети со иста структура, си направивме исти облини за да се слееме во толпата, поради вжештениот страв од осуда. Заборавивме дека сите ние сме дијаманти, но секој со посебна убавина. Корените на нашата личност ги сменивме со универзални елементи за да не станеме цел на исмевање. Создадовме стегната цензура на нашите мисли, чувства и дела за да не се најдат на општествениот фронт, кој има задача да нѐ направи клонови. Си ставивме завеси, исликани со општоприфатени карактеристики и квалитети, а нашето вистинско „јас“ стои во темнината, за да не се изложи на суровоста на светот. Животот стана како една претстава, која се прикажува во секое кино, секој ден. Оваа безизлезна ситуација не претставува сложен лавиринт или, пак, ископлицирана загатка, туку е наједноставниот и најтешкиот проблем на една личност - стравот од самиот себеси. Чекањето на вистинскиот момент да ги отвориш завесите на твоето лице е како да сакаш да го промениш архето на античките филозофи. Уникатноста и диверзификација на личноста се најблагородниот дар за самата душа, највеличествената жртва е таа да се победиш себеси и да станеш подобра индивидуа во општеството. Различноста во карактерот е божествен дар, а не алатка за да се создаде божествена комедија со него.

Познат уникатен дијамант, Волт Дизни рекол: „Колку повеќе се сакаш себеси, толку помалку си како другите, што те прави еден и единствен“. Моќта на вистинските лица да излезат на виделина е во оној што ги повлекол завесите на општествените граници.

**Ментор: Верица Ризовска, професор**



## (ДЕ)КОНСТРУИРАЈ ГИ МЕДИУМИТЕ
### ПРОЕКТ ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Средношколци дискутираа со пратеници за младински активизам



Младите луѓе треба да бидат директно вклучени и самите да носат одлуки за решавање на општествените проблеми со кои се соочуваат. Тие треба да ги користат сите видови медиуми, особено социјалните мрежи, за да ги изразат своите мислења, да бидат гласни и да кажат каква е реалната состојба. Ова се некои од препораките за младински активизам што пратениците Александар Николовски од ВМРО-ДПМНЕ и Нора Алити од ДУИ им ги пренесоа на стотина средношколци во дискусијата за младински политики.

Пратеничката Нора Алити вели дека, според европските искуства, учеството на младите луѓе во повеќе нивоа за решавање на општествените проблеми е регулирано со различни методи.

- Во Македонија во последно време има различни иницијативи, како на пример на локално ниво се создаваат младински совети што се советодавни и информативни тела. Ова е добро, но не е доволно. Треба да се оди чекор напред и со младите не само што ќе се консултираат туку ќе бидат директно вклучени или самите ќе носат конструктивни и иновативни одлуки за решавање на проблемите со кои се соочуваат денес. Оваа материја треба да се регулира со посебен закон, што е тој чекор напред во позиционирањето на младите луѓе во општеството, а иницијативата треба да доаѓа од младите за младите - вели Алити.

Пратеникот Александар Николовски ги советуваше средношколците да го кажуваат тоа што го мислат секаде каде што можат да комуницираат и да бидат отворени и гласни. Според него, ништо не е невозможно, тешко и далечно.

- Потребни се три работи. Прво, треба многу работа - учење, дополнителни активности, општествена одговорност. Ако не работите од 10 до 12 часа дневно, нема успех. Второ, мора да имате силна морална вертикала, односно принципи во животот од кои по ниедна цена не треба да отстапите. Трето, мора некогаш да имате и среќа. Само комбинација на овие работи ве носи до сериозен успех - смета Николовски.

На дискусијата што се одржа во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин“ активно учествуваа средношколци од повеќе училишта.

- Младите треба да имаат право на збор во донесувањето на реформите и треба да има интеракција меѓу оние што ги носат законите и оние на кои се однесуваат тие закони. Средношколците во Македонија сè уште не се сметаат за компетентни за да можат своето мислење да го кажат на повисоко ниво. Граѓанските иницијативи се многу потребни за да може да имаме млади луѓе што ќе бидат свесни, активни и кои ќе можат да го искажат своето мислење - се дел од коментарите на присутните средношколци.

Настанот беше организиран од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во рамките на проектот „(Де)конструирај ги медиумите“, кој е поддржан од Амбасадата на САД во Македонија.

Д.А.

## СОВЕТУВАМЕ

## РАЗМИСЛИ ПРЕД ДА СПОДЕЛИШ



Секогаш слушаме дека споделувањето е добра работа. Благодарение на технологијата, можеме да ги споделиме нашите идеи, мислења, слики и видеа со нашите пријатели и други луѓе.

Во поголемиот број случаи споделувањето е добра. Но ако не сме внимателни како споделуваме, ризикуваме да се повредиме себеси или некој друг. Запомни и дека работите што ги споделуваш со твоите пријатели може да бидат споделени и од други луѓе. Затоа е важно да размислиш пред да споделиш.

### ТВОИ ЛИЧНИ РАБОТИ

Секогаш кога споделуваш работи за себе - без разлика дали е тоа слика, видео или лични работи како твојот телефонски број - имај на ум дека тоа би можело лесно да се гледа од луѓе на кои не си сакал да им ги испратиш. Исто така, не споделувај работи кога си лут, тажен или возбуден. Најпрво смири се и потоа одлучи дали тоа е навистина добра идеја.

**Следно, запрашај се:**

✓ Дали сакам луѓето да ме гледаат на овој начин?

✓ Дали некој може да го искористи ова за да ме повреди? Дали би бил вознемирен ако се сподели со други?

✓ Што е најлошото нешто што може да се случи ако го споделам ова?

**Лозинките не се социјални:** Има некои работи за кои треба да бидеш навистина внимателен при споделувањето. Понекогаш пријателите си споделуваат лозинки меѓусебно, но тоа подоцна може да се претвори во кошмар.

**Сликата трае вечно:** Некои луѓе мислат дека со споделување разголени или секси-фотографии со девојка или момче - или со некој за кој се надеваат дека ќе им биде девојка или момче - покажуваат дека го сакаат или имаат доверба во него. Биди посебно внимателен во оваа ситуација и размисли - сликата може да ја надживее врската.

**Поминаа само неколку секунди, но можеби не исчезнаа засекогаш:** Некои апликации или сајтови за социјално вмрежување даваат опции за автоматско бришење слики или видеоклипови по неколку секунди гледање. Меѓутоа, некој може да направи „скриншот“, па сепак размисли дали ќе ги споделиш сликите или видеата.

### РАБОТИТЕ НА ДРУГИТЕ ЛУЃЕ



Во поголем дел од случаите кога луѓето ти испраќаат објави, во ред е да ги споделуваш со другите луѓе. Ако не си сигурен, размисли двапати пред да го направиш тоа. Уште подобро, прашај го лицето што ти ја испратило објавата дали ќе му пречи ако ја споделиш. Истото тоа важи и ако споделуваш фотографии или видеоклипови што прикажуваат и други луѓе: прашај ги пред да ги означиш или повторно објавиш.

**Ако некој споделува нешто со тебе, а притоа е вклучен и некој друг, прашај се:**

✓ Дали лицето што ти ја испратило објавата мислело дека тоа треба да се сподели?

✓ Дали има дозвола од другото лице што е вклучено во објавата?

✓ Како би се чувствувал ти ако некој друг сподели нешто вакво каде што ќе те има и тебе?

**Ако си добил објава на која некое лице изгледа лошо, ќе биде посрамотено или би можело да биде повредено ако објавата се рашири, не споделувај ја.** Лицето што ти ја испратило објавата може да мисли дека е тоа шега, но шегата може да не биде смешна кога се гледа од погрешен човек.

Многу тинејџери се под притисок на своите пријатели да споделуваат разголени фотографии од своите девојки и момчиња. Треба да размислиш колку ова може да те повреди тебе и твојот партнер.

### ПОПРАВАЊЕ НА РАБОТИТЕ АКО ТРГНАТ НАОПАКУ



**Ако си споделил нешто што не требало**, првиот чекор е да ги замолиш луѓето до кои си го испратил да не го споделуваат понатаму.

**Ако некој друг поставил нешто што си му го испратил**, побарај да го тргне. Тоа е доста ефективно во поголемиот дел од случаите. Запомни, не прави нешто додека си лут: дај си време да се оладиш и, ако можеш, да разговараш со личноста офлајн.

**Ако личноста одбива да ја тргне објавата**, не обидувај се да ѝ возвратиш со споделување приватни работи што ти ги има испратено или да ја малтретираш. Од една страна, тоа речиси секогаш ги прави работите полоши. Од друга страна, колку повеќе возвраќаш, толку повеќе ја правиш истата грешка.

**Ако си означен на фотографија што не ти се допаѓа**, запомни дека многу сајтови за споделување фотографии и социјално вмрежување дозволуваат да го тргнеш твоето име од фотографијата на која си означен. На Фејсбук можеш да избереш дали да ги гледаш објавите на кои си означен пред да бидат објавени на твојот ѕид во поставките за приватност: facebook.com/privacy.

**Ако си на Фејсбук и не се чувствуваш удобно** кога некој се соочува со тебе или не си сигурен што да кажеш, постои алатка за социјално пријавување. Во сериозни ситуации, на пример, кога станува збор за делумно или целосно разголена слика или видео, клевета (нешто што не е точно и го повредува твојот углед) или вознемирување, можеш да побараш од сервисот што бил користен за споделување да ја тргне објавата. Во вакви случаи тоа можеш да го пријавиш и во полиција.

**Запомни дека не си сам - секогаш можеш да разговараш со твоите родители, наставник или советник, возрасно лице на кое му веруваш, или на некоја линија за помош за да добиеш совети и поддршка.**

Извор: www.mediasmarts.ca

## СТРИП




Нацртал: Џошкун Алијевски, 19 години

Во соработка со Стрип центар на Македонија